РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2017 година

# СОДРЖИНА

Резиме ...... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ...... 3

Број на работници во индустријата ...... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ...... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ...... 5

Инфлација ...... 6

Берзански цени ...... 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ...... 8

Увоз ...... 9

Салдо на трговска размена ...... 10

Валутна структура ...... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ...... 11

Приходи по буџетски корисници ...... 12

Буџетски расходи според економската класификација ...... 13

Расходи по буџетски корисници ...... 14

Буџетско салдо ...... 17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ...... 17

Плати ...... 18

Пензии ...... 18

5. Монетарен сектор

Примарни пари ...... 19

Депозитен потенцијал ...... 19

Кредити на банките ...... 20

Каматни стапки на депозитни банки ...... 21

Пазар на капитал ...... 21

Девизни резерви ...... 21

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2017 година

- Индустриското производство во април 2017 година во споредба со април 2016 година забележа пад од 1,9%;

- Потрошувачките цени во април 2017 година се зголемија за 1,0% во однос на април 2016 година, по годишниот раст од 0,6% во март 2017 година;

- Во периодот јануари – април 2017 година извозот забележа раст од 12,9%, а увозот 11,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 7,5%, споредено со истиот период во 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите четири месеци од 2017 година изнесуваа 57.787 милиони денари, односно 9,1% од БДП и преставуваат 30,8% од планираните буџетски приходи за 2017 година. Вкупните приходи се повисоки за 4,3% во однос на истиот период во 2016 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во првите четири месеци изнесуваа 61.383 милион денари, односно 9,7% од БДП и преставуваат 29,8% од планираните буџетски расходи за 2017 година. Вкупните расходи се повисоки за 1,4% во однос на истиот период од 2016 година;

- Вкупните кредити на банките во април 2017 година останаа се зголемија за 0,6% во споредба со април 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,3%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во април 2017 година индустриското производство забележа пад од 1,9% во споредба со април 2016 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во секторите Рударство и вадење на камен и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,9% односно 1,2%, додека во секторот Преработувачка индустрија е забележан пад од 2,8%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во април 2017 година има гранката Производство на други неметални минерални производи (0,9 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на облека (-2,1 процентен поен).

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари-април 2017 година во однос на истиот период во 2016 година забележа пад од 1,6%. Раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,7%, додека пад е забележан во секторите Рударство и вадење на камен од 3,3% и Преработувачка индустрија од 2,8%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во април 2017 во однос на април 2016 година покажуваат зголемување на производството кај групите Капитални производи од 2,8% и Енергија од 0,4%. Намалување на производството е забележано кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 9,1%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,2% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,2%.

На кумулативна основа, во периодот јануари-април 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст е забележан кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 9,6%, Енергија од 5,8% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,3%. Пад е забележан кај групата Нетрајни производи за широка

потрошувачка од 7,0%, додека производството во групата Капитални производи остана непроменето.

## Број на работници во индустријата




Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во април 2017 година забележа раст од 0,5%. Растот се должи на зголемениот број на работници во секторот Преработувачка индустрија од 0,6%, додека во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и Рударство и вадење камен е забележан пад од 0,6% односно 0,1%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари-април 2017 година во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 0,4%. Раст е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 0,7% и Преработувачка индустрија од 0,4%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи намалување од 0,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 10,7%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,7%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,1% и Енергија од 0,7%. Пад е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,1%.

На кумулативна основа, во првите четири месеца од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 7,1%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,6%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,2% и Енергија од 0,7%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,6%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во април 2017 година е понеповолна во однос на март 2017 година, а поповолна во однос на истиот месец од претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во април изнесува 64,6%, што претставува намалување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 65,3%. Споредено со април 2016 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,5 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во април 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 23,8%, недоволната домашна побарувачка со 18,3%, недостигот на квалификувана работна сила со 16,4%, неизвесното економско опкружување со 12,4%, финансиските проблеми со 8,0% и конкурентниот увоз со 7,8%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во април во однос на март 2017 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец, додека залихите на готови производи на месечно ниво се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во април 2017 година издадени се 259 одобренија за градење, што претставува годишен раст од 13,6%. Споредено со март 2017 година, кога биле издадени 384 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи пад од 32,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април се зголемила за 18,8% во однос на април 2016 година. Споредено со претходниот месец, вредноста на објектите бележи пад од 48,7%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 159 (или 61,4%) се наменети за објекти од високоградба, 50 (или 19,3%) за објекти од нискоградба и 50 (или 19,3%) за објекти за реконструкција.







Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 259 издадени одобренија за градба, на 154 објекти (или 59,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 105 објекти (или 40,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Во април 2017 година предвидена е изградба на 919 станови, со вкупна корисна површина од 70.571 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 1,1%, а во однос на април 2016 година е зголемен за 99,3%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во април 2017 година се зголемија за 1,0% во однос на април 2016 година, по годишниот раст од 0,6% во март 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-април 2017 година изнесува 0,6%.

Највисок годишен раст на цените во април 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,7%, следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,1%, Ресторани и хотели од 3,4%, Транспорт од 3,1%, Облека и обувки од 2,0% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,1%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во април забележа годишен пад на цените од 0,4%, при што највисок пад имаа цените на зеленчукот (за 4,4%) и риба и морски плодови (за 2,1%).

Годишен пад на цените во април е регистриран и во категориите: Рекреација и култура од 0,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,4%, Образование од 0,3%, Останати стоки и услуги од 0,2% и Здравје од 0,1%.




Потрошувачките цени во април 2017 година се зголемија за 0,5% во однос на претходниот месец. Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 1,3%, Облека и обувки од 0,6%, Ресторани и хотели од 0,3% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Останати стоки и услуги од по 0,2%.

Намалување на цените е забележано во категориите: Транспорт од 1,1%, Рекреација и култура од 0,8%, Здравје од 0,4%, Комуникации од 0,2% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,1%.

Цените во категориите Образование и Домување, вода, електрика, гас и други горива останаа непроменети.

Цените на мало во април 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 2,2%, на месечно ниво цените на мало се зголемија за 0,1%. Цените на мало во периодот јануари-април 2017 година се зголемија за 1,9%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во април 2017 година на месечно ниво забележа раст од 1,9% и изнесуваше 53,0 долари за барел. Споредено со истиот месец од 2016 година, цената на нафтата се зголеми за 25,4%. Цената на природниот гас во април, во однос на март 2017 година пораснала за 3,0%.




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во април 2017 година се тргуваше со просечна цена од 9.609 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи пад на цената од 5,8%. Споредено со април 2016 година, цената на никелот се зголемила за 8,2%. Покрај никелот, месечно намалување на цената во април забележаа и некои од останатите основни метали. Така, цената на цинкот се намалила за 5,8%, на оловото за 2,6% и на бакарот за 2,4%. Месечен раст на цената во април 2017 година забележаа алуминиумот и калајот од 1,0% и 0,2%, соодветно. Во однос на благородните метали, цената на златото во април бележи месечен раст од 2,9%, цената на среброто пораснала за 2,3%, додека пак цената на платината се намалила за 0,2%.



Цената на пченицата на светските берзи во април, на месечна основа се зголеми за 7,6%, а цената на пченката бележи пад од 1,6%. Цената на јагнешкото месо во април, во однос на претходниот месец се зголеми за 2,4%.

## *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите четири месеца од 2017 година изнесува 3.625,9 милиони евра, што претставува раст од 12,0% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – април 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,7%, што претставува намалување од 0,5 п.п. во однос на истиот период претходната година.

### Извоз

Во периодот јануари - април 2017 година вредноста на извезените стоки изнесува 1.525,8 милиони евра и бележи раст од 12,9% (174,0 милиони евра) во однос на истиот период во 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 9,2%.

Вредноста на извезените стоки во април 2017 година изнесува 388,1 милион евра и бележи раст од 5,3% (19,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 9,5%.

Анализирано на месечно ниво, во април 2017 година извозот бележи пад од 10,5% (45,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 8,1%.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - април 2017 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49,3% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – април 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај сите групации и тоа: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 13,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 7,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 82,3% и 10,6% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – април 2017 година изнесува 2.100,1 милион евра и бележи раст од 11,4% (214,1 милион евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 1,5%.

Вредноста на увозот во април 2017 година изнесува 540,8 милиони евра, што претставува раст од 2,2% (11,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2016 година, а увезените количини на стоки се намалени за 18,9%.




Анализирано на месечно ниво, во април 2017 година увозот бележи пад од 9,8% (58,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 8,4%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2016 | I - IV - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 16,7 | 28,9 | 12,1 | 72,5 |
| Мил. ЕУР | 6,3 | 13,6 | 7,3 | 117,0 |
| Мил.$ | 7,0 | 14,5 | 7,5 | 108,1 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2016 | I - IV - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 327,2 | 326,5 | -0,7 | -0,2 |
| Мил. ЕУР | 94,7 | 137,4 | 42,7 | 45,1 |
| Мил.$ | 105,3 | 146,5 | 41,2 | 39,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2016 | I - IV - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 4,5 | 12,4 | 7,9 | 177,8 |
| Мил. ЕУР | 291,7 | 328,3 | 36,6 | 12,5 |
| Мил.$ | 324,8 | 350,6 | 25,8 | 7,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2016 | I - IV - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 8,8 | 9,3 | 0,5 | 5,7 |
| Мил. ЕУР | 59,0 | 59,9 | 0,9 | 1,5 |
| Мил.$ | 65,6 | 63,9 | -1,7 | -2,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2016 | I - IV - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 188,1 | 222,9 | 34,9 | 18,5 |
| Мил. ЕУР | 117,6 | 145,7 | 28,0 | 23,8 |
| Мил.$ | 131,2 | 155,9 | 24,7 | 18,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2016 | I - IV - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 260,6 | 160,2 | -100,4 | -38,5 |
| Мил. ЕУР | 95,1 | 82,4 | -12,7 | -13,3 |
| Мил.$ | 105,8 | 88,1 | -17,8 | -16,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите четири месеца од 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 7,5% односно 40,2 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




Во април 2017 година трговскиот дефицит се намали за 5,1% односно 8,2 милиони евра споредено со април минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива и храна и пијалаци, како и стеснувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари – април 2017 година 88,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Јужна Африка, Италија, Русија, САД, Унгарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 86,6% од трговската размена во периодот јануари - април 2017 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2016 година претставува зголемување од 1,0 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,5% и 82,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,9 п.п. во однос на периодот јануари – април 2016 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - IV - 2016 | | | | | I - IV - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.276,6 | 1.517.226.552 | 61,6769 | 93.577.830.321 | 80,4 | 1.253,1 | 1.729.454.477 | 61,5652 | 106.474.210.761 | 82,3 | 212.227.925 | 14,0 |
| УСД | 537,9 | 386.296.290 | 55,5875 | 21.473.245.026 | 18,5 | 590,0 | 377.431.422 | 57,7532 | 21.797.872.413 | 16,9 | -8.864.868 | -2,3 |
| ГБП | 1,7 | 5.882.467 | 79,6221 | 468.374.407 | 0,4 | 1,4 | 6.375.656 | 71,8113 | 457.844.113 | 0,4 | 493.188 | 8,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.816,2 | | | 115.519.449.753 | 98,9 | 1.844,5 | | | 128.729.927.287 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 1.821,0 | | | 116.328.969.284 | 100,0 | 1.849,0 | | | 129.302.397.457 | 100,0 | | 11,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Во периодот јануари-април 2017 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 57.787 милиони денари, односно 9,1% од БДП и претставуваат 30,8% од планираните буџетски приходи за 2017 година. Вкупните приходи се повисоки за 4,3% во однос на истиот период од 2016 година.




Даночните приходи во првите четири месеци се реализирани во износ од 33.755 милиони денари, односно 5,3% од БДП и во однос на истиот период 2016 година се зголемени за 3,5%.

Приходите од данокот на додадена вредност изнесуваат 16.553 милиони денари и се зголемени за 4,7%, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој четиримесечен период е доминантно и изнесува 49,0%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 22.213 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 5.660 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,5%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 7,7% споредено со истиот период 2016 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 13,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува намалување од 5,5%.

Акцизите се остварени во износ од 6.171 милион денари (учество од 18,3% во даночните приходи) и бележат намалување за 1,9%. Така, од овие два индиректни даноци се остварени приходи од 22.724 милиони денари, односно 67,3% од вкупните даночни приходи (3,6% од БДП).

Набљудувано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 4.653 милиони денари и забележуваат раст од 6,1% на

годишна основа, при што 2/3, односно 65,7% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,5% од приходи од капитал, 6,4% од приходи по основ на договор на дело, 3,8% од приходи од имот и имотни права итн.

Приходите од данокот од добивка во овој четиримесечен период од 2017 година изнесуваа 4.574 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 4,8% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 28,9%) и дивиденда и друга распределба (зголемување од 7,8%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси ( намалување од 10,8%) и на задржаниот данок за странски правни лица (намалување од 12,8%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 1.682 милиона денари и забележаа зголемување од 8,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 122 милиона денари забележаа помало остварување за 41,3% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 16.744 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,0% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 4,2%, кај придонесите за здравствено осигурување за 3,5% и кај придонесите за вработување за 3,9%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 5.167 милиони денари и во однос на истиот период во 2016 година забележаа поголемо остварување од 19,5% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 197 милиони денари, што претставува намалување од 72,5% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.502 милиона денари, односно за 48,6% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници[1]

Буџетските приходи и приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари-април 2017 година тие изнесуваат 40,2 милијарди денари, односно 89,7% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат 26,0% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 83,3% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до месец април достигна 31,5% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во

[1] Податоците ги вклучуваат и приливите на средства и не се консолидирани

овој период изнесува 3,3 милијарди денари, што претставува 8,3% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.




Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за транспорт и врски коишто изнесуваат 1,4 милијарди денари, односно 3,2% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство. Министерството за образование и наука има остварено приходи во износ од 1,1 милијарда денари, односно 2,4% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел, односно 87,3% од вкупниот износ претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци. Останатите буџетски корисници имаат остварено приходи под 1 милијарда денари поединечно, односно збирно 4,7% од вкупните приходи и приливи. *(Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во табелите на следниот линк:* http://www.finance.gov.mk/mk/node/693*)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, коишто во периодот јануари-април 2017 година изнесуваат 20,9 милијарди денари и претставуваат 32,8% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Во периодот јануари-април 2017 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 61.383 милиони денари, односно 9,7% од БДП и претставуваат 29,8% од планираните буџетски расходи за 2017 година. Вкупните расходи се повисоки за 1,4% споредено со истиот период од 2016 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 54.972 милиони денари учествуваа со 89,6% (учество од 8,7% во БДП) и се намалени за 2,4% во однос на истиот период во 2016 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 8.744 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот, изнесува 14,2% и во однос на 2016 година се зголемени за 2,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 5.093 милиони денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа зголемување од 6,1%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 39.346 милиони денари (6,2% од БДП). Средствата за трансфери забележаа помала реализација за 5,0% споредено со истиот период во 2016 година и истите учествуваа со 64,1% во вкупните расходи.

Социјалните трансфери изнесуваа 30.930 милиони денари, забележаа раст од 4,1% и учествуваа со 50,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 19.091 милион денари, се зголемија за 3,7%, споредено со истиот четиримесечен период од 2016 година и учествуваат со 31,1% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 12,9%, односно забележаа помала реализација за 30,0%, споредено со истиот период 2016 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 5.043 милиони денари забележаа зголемување од 1,0%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени помалку за 61,9%.




Каматните расходи изнесуваат 1.789 милиони денари, што е повеќе за 13,7% во споредба со истиот период 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 23,4%, а расходите за камати од странско задолжување беа зголемени за 4,5%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 6.411 милион денари со структурно учество од 10,4% во вкупните расходи (1,0% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 51,6% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници[2]

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – април 2017 година реализираше 13,8 милијарди денари или 33,4% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (74,4%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што потрошени се 10,3 милијарди денари или 34% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 17,7% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 31,3% (2,4 милијарди денари) од планираните за 2017 година.

[2] Податоците ги вклучуваат и одливите на средства и не се консолидирани

Министерство за образование и наука во периодот јануари – април 2017 година изврши буџетски средства во износ од 7,5 милијарди денари, што е 29,9% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (58,6%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што потрошени се 4,4 милијарди денари или 33,7% од вкупно планираните средства. Стоки и услуги се втора најзначајна ставка со учество од 15,8%, за што потрошени се 1,2 милијарди денари, односно 27,4% од вкупно предвидените. За плати и надоместоци (кои учествуваат со 14,6% во вкупните расходи) реализирани се 1,1 милијарди денари, што претставува 31,8% од вкупно предвидените средства за тековната година.




Во периодот јануари – април 2017 година преку разделот Министерство за финансии - функции на држава[3] реализирани се 6,3 милијарди денари, што претставува 16,1% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 28,2% отпаѓаат на каматни плаќања, за што во периодот јануари – април 2017 година потрошени се 1,8 милијарди денари, односно 21,8% од средствата планирани за оваа намена во 2017 година. По однос на отплата на главнина отпаѓаат 26% од вкупните расходи, за што реализирани се 1,6 милијарди денари или 9% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 22,9% се капиталните расходи, за што потрошени се 1,4 милијарди денари или 18,7% од годишниот план.

Во периодот јануари – април 2017 година од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 3,3 милијарди денари, што претставува 31,5% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 72,5%, за што потрошени се 2,4 милијарди денари или 33,2% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 13,9%, за што реализирани се 461 милиони денари или 21,7% од годишниот план.

Во првите четири месеци од 2017 година Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 424 милиони денари, што претставува 4,9% од планираните средства за тековната година. Најзначајната расходна ставка претставува капитални расходи (со учество од 82,6%), за што во анализираниот период извршени се 350,6 милиони денари или 17,8% од планираното. Субвенциите и трансферите учествуваат со 10,7% во

[3] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање на елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

вкупните расходи, за што во периодот јануари – април 2017 година реализирани се 45,2 милиони денари или 0,7% од годишниот план.

Министерство за одбрана во периодот јануари – април 2017 година изврши буџетски средства во износ од 1,8 милијарди денари, што е 28,9% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 65,1%, за што во првите четири месеци реализирани се 1,2 милијарди денари, што претставува 34,3% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 26,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 477 милиони денари, односно 34,3% од вкупно предвидените.

Министерство за здравство во првите четири месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 2,1 милијарди денари, што е 37,8% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 45,4%, за што во првите четири месеци потрошени се 963 милиони денари или 40,9% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 30,6% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 648,9 милиони денари, односно 34,1% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат 22,4% во вкупните расходи) изнесува 39,1% односно извршени се 475 милиони денари.

Министерство за транспорт и врски во периодот јануари – април 2017 година реализираше средства во износ од 1,95 милијарди денари, што е 42,4% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 89,1%, а нивната реализација во првите четири месеци изнесува 46% односно извршени се 1,7 милијарди денари.

За финансирање на дејностите од областа на културата[4] во периодот јануари – април 2017 година извршени се средства во износ од 1,5 милијарди денари, што е 37,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 34,4%, а нивната реализација во првите четири месеци изнесува 42,4% односно извршени се 531,7 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 32,8%, а за оваа намена реализирани се 507 милиони денари или 39% од планираното. За плати и надоместоци реализирани се 348,7 милиони денари, што претставува 32,8% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 22,6% од вкупните расходи. *(Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во табелите на следниот линк:* http://www.finance.gov.mk/mk/node/693).

4 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарство, филмска дејност, музичка и сценско-уметничка дејност, заштита на културното наследство, ликовна и галериска дејност, културно-уметнички манифестации, музејска и кинотечна дејност, меѓународна соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организации од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари-април 2017 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 3.596 милиони денари, што претставува 0,6% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 2.884 милиони денари и претставува 0,5% од БДП.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – април 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 60.309 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 1,9% во однос на истиот период од 2016 година.




Од вкупниот број нововработени, 40,1% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во април 2017 година 22,4% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 199.337, од кои 103.204 се активни баратели на работа, а 96.133 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 3,6%.




Најголем дел од невработените лица (66,7%) се градско население, а според половата структура 59,2% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,8% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,5% се со завршено средно образование, додека 14,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во март 2017 година оствари годишен раст од 1,8%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,4%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (7,5%), Рударство и вадење на камен (7,2%) и Уметност, забава и рекреација (6,7%). Реалните плати во март забележаа годишен раст од 1,2%.




Просечната номинална бруто-плата во март 2017 година оствари годишен раст од 1,9%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење на камен (7,6%), Финансиски дејности и дејности на осигурување (7,2%) и Уметност, забава и рекреација (6,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 1,3%.




Процентот на вработени што не примиле плата во март 2017 година изнесува 1,3% и е непроменет во однос на истиот месец од претходната година и февруари 2017 година.

## Пензии

Во април 2017 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 303.885 пензионери, што претставува зголемување од 0,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 754 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,7% се корисници на старосна пензија, 24,9% се корисници на семејна пензија и 12,3% се корисници на инвалидска пензија.




Просечната пензија во април 2017 година изнесува 13.858 денари и е за 6,2% повисока во однос на истиот месец минатата година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 61,9%.

Просечната старосна пензија во април изнесува 15.184 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.575 денари, а просечната семејна пензија 11.157 денари. За исплата на пензиите во април 2017 година се потрошени 4.223,58 милиони денари, што претставува 53,6% од вкупните социјални трансфери.

# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во април 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка 3,25%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во февруари 2017 година. Ваквото намалување се должи на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари




Во април 2017 година, примарните пари[5] регистрираа раст од 4,3% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек од 6,8% и 2,0%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 1,7%, како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 5,7%, додека готовите пари во оптек регистрираа раст од 2,4%.

## Депозитен потенцијал

Во април 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 1,2%, а депозитите на домаќинствата регистрираа пад од 0,3%. Од аспект на валутата, во април 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна и странска валута се намалија за 0,4% и 0,2%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во април 2017 година оствари раст од 6,3% на

[5]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута забележаа раст од 6,8%, а депозитите во странска валута се зголемија за 5,5%.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата и домаќинствата овој месец бележат раст од 11,1% и 3,4%, соодветно.




Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,7%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 6,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,3%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (април 2017 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **316.792** | **-0,3%** | **6,3%** |
| Денари | *184.793* | -0,4% | 6,8% |
| Странска валута | *131.999* | -0,2% | 5,5% |
| Краткорочни | *152.296* | -0,5% | 3,7% |
| Долгорочни | *86.827* | 0% | 6,3% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **281.707** | **0,6%** | **0,6%** |
| Денари | *232.356* | *0,8%* | 3,0% |
| Странска валута | *49.351* | -0,4% | -9,4% |
| Краткорочни | *61.355* | 1,0% | -0,7% |
| Долгорочни | *200.392* | 0% | 8,0% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *18.429* | 5,7% | -38,6% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во април 2017 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во април кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,4%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,7%. Од аспект на валутата, во април 2017 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 0,8%, додека девизните кредите се намалија за 0,4%.

На годишна основа, во април 2017 година вкупните кредити се зголемија за 0,6%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 4,4% и раст на кредитите кон домаќинствата од 6,5%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 3,0%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 9,4%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,0%, а краткорочните кредити се намалија за 0,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2017 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,1% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските и девизните кредити исто така останаа непроменети и изнесуваат 6,3% и 5,0%, соодветно.




Вкупната каматна стапка на депозитите во април изнесува 1,6% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесува 2,2%, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,9% и е непроменета во споредба со претходниот месец.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во април 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 21,6% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 7,2% и 64,6%, соодветно.




Вкупниот промет на берзата во април 2017 година изнесуваше 278 милиони денари и истиот регистрираше раст од 30,4% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во април 2017 година изнесуваше 2.174,33 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 3,4%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 24,5%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на април 2017 година изнесуваа 2.496 милиони евра и во однос на претходниот месец намалени се за 38,4 милиони евра, додека во однос на април 2016 година зголемени се за 302,1 милион евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
www.finance.gov.mk